Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

**ЗА ДЕЛ-1:**

Вкупната цена: 148.000,00 денари без ДДВ

ДДВ: 7.400.00 денари,

Вкупна цена со ДДВ: 155.400,00 денари.

**ЗА ДЕЛ-2:**

Вкупната цена: 84.900,00 денари без ДДВ,

ДДВ: 4.245,00 денари,

Вкупна цена со ДДВ: 89.145,00 денари.

**Вкупно за Дел-1 и Дел-2:**

**Вкупната цена: 232.900,00 денари без ДДВ,**

**ДДВ: 11.645,00 денари,**

**Вкупна цена со ДДВ: 244.545,00 денари.**

Единечната цена на стоките е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од **30** дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка,по требувања од клиниката, да го има на лагер постојано. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот.Лице за реализација на договорот-Дипл.маш.инж. Дарко Божиновски-070 370 626

## VII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Член 6**

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :

- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горе наведената цел;
- ќе го ограничи пристапот кон доверливите информации само на своите вработени за кои е потребно истите да ги знаат и ќе ја запознае оваа група на вработени со обврските кои ги презел со овој договор;